# В Коџоман



УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
"ДАУТ ПАШИН АМАМ"
ART GALLERY SKOPJE
"DAUT PASHA HAMAM"

## ФЕСТИВАЛ "ОХРИДСКО ЛЕТО" "OHRID SUMMER FESTIVAL"

ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД - КУЌА НА УРАНИЈА ОХРИД, МАКЕДОНИЈА Јули, 1995
INSTITUTE AND MUSEUM OHRID-HOUSE OF URANIA OHRID, MACEDONIA July, 1995

## ВАНГЕЛ КОЏОМАН 1904-1994

Сликарот Вангел Коџоман се вбројува во групата основоположници на македонската модерна уметност заедно со Д.Пандилов, Л.Личеноски, Н.Мартиноски, Т.Владимирски, Љ.Белогаски, В.Поповиќ-Цицо и вајарот Д.Тодоровски. Тие, сите заедно, а секој со своја лична визија спрема природата и светот, ја одиграа пионерската улога (во почетокот на XX век) во формирањето на современата македонска уметност.

Ликовното наследство на Коџоман изнесува околу 2500 слики, работени во разни техники: масло, акварел, пастел, темпера, мозаик и др. Времето од половина век творење би можело да се подели на два поголеми периода: првиот, предвоен, до крајот на петтата деценија на XX век, претставува сликарство одбележано со академски реализам и постмодернизам; вториот период, од 1950 година па сѐ до деведесетите, се карактеризира со своевиден колористичен експресионизам и со некои особености на фовистичкото сликарство.

Тематската определеност на сликарот Вангел Коџоман е разновидна. Слика актови, портрети, мртва природа, пејзажи, слики со социјална тематика итн. Коџоман работи и на тематски циклуси како: Стара скопска чаршија, Скопски земјотрес од 1963 и др. Исто така авторот е во постојана потрага по класичните вредности во сликарството, како што е рамнотежата на формата и бојата. Според психологијата на уметноста, критичарите за неговите дела рекле дека се од "чисто статички тип", исто какви што се и делата на Л.Личеноски. Всушност, неговото сликарство е со богат и исключителен колоризам и со длабока сетилна привлечност.

Во творештвото на Коџоман доминира пејзажот, особено на родниот крај, "препознатлив по својата колористичка експресија, по карактеристичната организација на композицијата". Некои од овие дела се со антологиска вредност во македонското современо сликарство ("Чунови I и II" од 1940 г., "Пченка" од 1946, "Мотив од Прилепско" од 1956, и др.)

Цртежот, во различни форми, се појавува низ сите периоди на уметничкото творење на авторот. Со добро усвоени академски знаења, Коџоман изработил и голем број цртежи, особено со женски актови. По завршувањето на школата во Белград, авторот создал и голем број на акварели, изработени прецизно, чисто, со необични дискретни преливи, воздушести и рафинирани.

Вангел Коџоман пред сѐ е сликар на македонското поднебје, пејзажист и портретист. Покрај семејните портрети, изработил и голем број портрети на свои пријатели, како и на историски личности. Во почетокот портретите ги работи со спокоен академски пристап, а подоцна применува поинтензивен колорит. Во портретното сликарство авторот успева повеќе да ги истакне психолошките и социјалните карактеристики отколку да ги моделира ликовите со одредена физиономија. Најдобри резултати постигнува во сликање без "директно позирање" (Ноќен чувар, Охридски пољак, Пензионер итн.).

Во мртвите природи Коџоман често користи етнофолклорни елементи од нашето поднебје, успешно компонирани, а за да се постигне волумен тие се тродимензионално решени.

Вангел Коџоман ќе наслика и голем број дела со мотиви од старата архитектура, како и од старите занаети, композиции во кој е нагласен цртежот и специфичниот интензивен колорит. Овие дела се со големо ликовно, историско и документарно значење.

Исто така се познати и неколкуте ликовни интервенции, изработени под директно влијание на македонскиот фолклор и етнографија, а сместени во ентериерот на хотел "Бисер" до Струга, во некогашна Југобанка во Скопје (декоративни мозаици) и др.

Посебно значење има и неговата улога како прв високо образован педагог. Како долгогодишен ликовен професор Коџоман е добитник и на голем број признанија од таа област.

Делувањето на Вангел Коџоман од скоро половина век претставува значаен придонес во осовременувањето на македонската ликовна уметност.

Мирјана Талеска

## VANGEL KOJOMAN 1904-1994

Vangel Kojoman belongs to the group of establishers of Macedonian modern art, together with D.Pandilov, L.Licenoski, N.Martinoski, T.Vladimirski, L.Belogaski, V.Popovich-Cico and the sculptor D.Todorovski. Each of them had his own vision of the nature and the world, but together they played a pioneering role at the beginning of the 20-th century in the establishment of modern Macedonian art.

The fine-art legacy of Kojoman is consisted of about 2.500 paintings, done in different technics: oil, water colors, pastel, tempera, mosaic etc. The half a century long creative work may be divided into two long periods - the first one that started before the war and lasted until the fifth decade of the 20-th century, with paintings of academic realism and postmodernism; and the second period, starting in the fifties and lasting upto the nineties is characterized with pariticular coloristic expressionism and also with certain features of wild expressionism.

The thematic determination of Vangel Kojoman is heterogeneous. He paintes nudes, portraits, still life, landscapes, paintings of social themes etc. Kojoman works on thematic cicles too - The Old Downtown of Skopje, The Earthquake in Skopje in 1963 and others. The works of this painter also show a permanent search for the classical values of painting, and also for balance between shape and color. The critics have said about his works that "they are of pure static type" alike the works of Licenovski. Actually, his paintings are works of abundant, exclusive coloring and deep sensual appeal.

Landscape dominates the works of Kojoman, especially his homeland, "recognizable by their coloristic expression, by the specific organization of the composition". Some of these works are with anthological value for Maceodnian modern painting - "Canoe I and II" from 1940, "Corn" from 1946, "Motive from the Prilep Area" from 1956, and some other works.

The drawing, in various shapes, appears throughout the entire creative time of this painter. Kojoman has done a lot of drawings, especially female nudes which show his well adopted academic knowledge. After graduating the Art School in Belgrade, he made a lot of aquarelles with a precise and clear manner, with unusual discrete shades, airy and refined.

Vangel Kojoman is first of all a painter of the Macedonian region, a painter of landscapes and portraits. Brsides the family portraits, he portrayed some of his friends and persons of historic importance. At the beginning, he works his portraits in a calm academic manner, but later he develops a more intensive coloring. In his portraits, he manages to emphasize the psychological and social features rather than modeling a certain physiognomy. His best results are achieved in painting without direct posing, the way it is done in the following paintings: Night Watchman, The Ohrid Ranger, The Retired Man.

In still lives, Kojoman often uses ethno-folklore elements of our environment with a successful composition, and the volume is achieved by a three-dimesional display.

Vangel Kojoman has also done lots of works with motifs of the old architecture and the old handicrafts, compositions of empasized drawing and specific coloring of intensive effect. These works are of great fine-art, historic and documentary importance.

The several fine-art treatments of Kojoman are also wellknown. They are done with direct influence of the Macedonian folklore and ethography and are situated in the interiors of the Biser Hotel in Struga and the forme Yugobanka in Skopje (decorative mosaics).

Being the first higly educated pedagogue, he played a very important role in our cultural life. As a long time fine-art professor, Kojoman is a winner of a great number of recognitions in this area.

The half a century long work of Vangel Kojoman means a great contribution to the modernizing of Macedonian fine art.

Written by Mirjana Taleska
Translated into English by Stanoevska Zaneta



БИОГРАФИЈА

Роден е на 14.02.1904 година во Струга, починал на 28.09 1994 година во Скопје. Во 1930 година во Белград завршил уметничка школа кај професорите Б.Вукановиќ, Љ. Ивановиќ, М. Миловановиќ. Како ликовен педагог работел во Охрид, Белград и Скопје. Во 1955-1956 година бил на четиримесечен студиски престој во Париз. До 1972 година предавал на Педагошката академија во Скопје.

Во 1975 година е избран за дописен член на МАНУ. Редовен член е од 1981 година.

Во 1974 година во неговиот роден град Струга е отворена Спомен куќа со постојана ликовна поставка.

Вангел Коџоман од 1941 година учествувал на изложбите на ДЛУМ во Скопје и во други градови на поранешна Југославија.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

Скопје: 1938, 1958, 1972, 1976, 1981;
Струга: 1961, 1962, 1974;
Торонто: 1975;
Берлин: 1984;

НАГРАДИ:

1955 - Орден на трудот од III ред за културни дејности
1958 - Орден на трудот од I ред за 25 години ликовно творење
1961 - I награда на изложбата "Охридски мотиви" во Скопје
1969 - Октомвриска награда за животно дело на Р.Македонија
1972 - Орден на Републиката со сребрен венец, Белград
1975 - Дописен член на Македонската академија на науките и уметностите
1979 - Награда АВНОЈ за општо значење за развитокот на СФРЈ во областа на ликовната уметност
1981 - Награда "13 Ноември" на град Скопје за особено плодно и успешно ликовно творештво

BIOGRAPHY

Vangel Kojoman was born on 14-th February 1904 in Struga, and died on August 28-th 1994 in Skopje. He finished art school in Belgrade, 1930, at professors Vukanovich, Ivanovich and Milovanovich. He worked as a fine-art teatcher in Ohrid, Belgrade and Skopje. In the time period of 1955-1956, he spent a four months studing stay in Paris. He vas a teacher at the Pedagogy Akademy in Skopje until 1972.

In 1975 he was elected a corresponding memeber of the Macedonian Academy of Science and Art. He became a regular member of the Academy in 1981.

In his birth - place, Struga, a Memorial House - was opened with a constant fine-art display, in 1974.

Vangel Kojoman started to participate the exhibitions of the Society of Fine artists of Macedonia in1941, in Skopje and other cities of former Yugoslavia.

ONE-MAN EXHIBITION

Skopje: 1938, 1958, 1972, 1976, 1981;
Struga: 1961, 1962, 1974;
Toronto: 1975;
Berlin: 1984;

AWARDS:

1955 - he was decorated with an order of labour for his activities in the field of culture.
1958 - he was decorated with an order of labour for his 25 years long creative work.
1961 - he won the first prize at the "Ohrid Landscape Exhibition" in Skopje.
1969 - he won the October Award of the Republic of Macedonia for life - work.
1972 - he was decorated with the Order of the Republic, in Belgrade
1975 - he became a corresponding member of the Academy of Science and Art.
1979 - he won the AVNOJ Prize for his overall contribution to the development of fine art in Yugoslavia.
1981 - he won the 13-November Award of the city of Skopje for his prolific and successful work.

**КАТАЛОГ**
**CATALOGUE**

1. СЕЛОТО ПЕШТАНИ, 1932
THE VILLAGE PESHTANI
масло на платно,55x75
сигн. д.л. В.Коџоман/1932
сопст. МСУ

2. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ, 1935
FEMALE PORTRAIT
масло на платно,48,5x37,5
сигн.д.л. В.Коџоман, 1935
сопст. Уметничка галерија Скопје

3. НОЌЕН ЧУВАР, 1935
NIGHT WATCHMAN
масло на платно, 74x54,5
сопст. Музеј на Македонија

4. ПЕЈЗАЖ I, 1938
LANDSCAPE I
акварел на хартија, 54x38
сигн. г.д. В.Коџоман/38
сопст. Завод и Музеј Охрид

5. ПЕЈЗАЖ II, 1939
LANDSCAPE II
акварел на хартија, 54x38
сигн. г.д. В.Коџоман/1939
сопст. Завод и Музеј Охрид

6. ДРИМ ВО СТРУГА, 1939
RIVER DRIM IN STRUGA
масло на картон, 45,5x65
сигн. д.д. В.Коџоман,1939
сопст. Уметничка галерија Скопје

7. ДОЛАП, 1940
DOLAP
масло на платно, 46x64
сигн. д.л. 1940
сопст. Завод и Музеј Охрид

8. ПЧЕНКА, 1946
MAIZE
масло на платно, 47x64
сигн. д.д. В.Коџоман/46
сопст. Уметничка галерија Скопје

9. ПЛАНИНСКИ ПЕЈЗАЖ, 1946
MOUNTAIN LANDSCAPE
масло на ллесонит, 47x64
сигн. д.л. В.Коџоман/1946
сопст. Завод и Музеј Охрид

10. АВТОПОРТРЕТ VI, 1948
SELFPORTRAIT VI
масло на платно, 42,5x33,5
сигн. д.д. В.Коџоман/48
сопст. Уметничка галерија Скопје

11. МРТВА ПРИРОДА СО ДУЊИ, 1948
STILL LIFE WITH QUINCES
масло на картон, 64x47
сигн. д.д. В.Коџоман
сопст. Музеј на Македониоја

12. ЧУНОВИ III, 1948
PUNTS III
масло на хартија, 35x50
сигн. д.л. В.Коџоман
сопст, Музеј на Македонија

13. БЛЕД I, 1950
BLED I
акварел на хартија, 47x31,5
сигн. г.л. В.Коџоман/1950-Блед
сопст. Уметничка галерија Скопје

14. МОТИВ ОД СТАРА СТРУГА, 1951
MOTIF FROM OLD STRUGA
масло на картон, 35x49
сигн. д.л. В.Коџоман/51
сопст. Музеј на Македонија

15. МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1953
MOTIF FROM SKOPJE
масло на картон, 41x58
сигн. г.л. В.Коџоман/53
сопст. Уметничка галерија Скопје

16. МОТИВ ОД КАЛИШТА, 1954
MOTIF FROM KALISHTA
масло на картон, 70x47
дат.д.д. 1955
сопст. Завод и Музеј Охрид

17. МОТИВ ОД ПАРИЗ, 1955
MOTIF FROM PARIS
масло на картон, 26x33,5
сигн. д.д. Париз/XI/55/В.Коџоман
сопст. Уметничка галерија Скопје

18. МОТИВ ОД ПРИЛЕПСКО I, 1956
MOTIF FROM PRILEP I
масло на шпер плоча, 49,5x66
сигн. д.л. В.Коџоман/56
сопст. Уметничка галерија Скопје

19. ЕЗЕРСКИ МОТИВ, 1957
MOTIF FROM THE LAKE
масло на платно, 59x78,5
сигн.г.д. В.Коџоман/1957
сопст, Завод и Музеј Охрид

20. ПЕНЗИОНЕР, 1958
PENSIONER
масло на картон, 74x60
сигн. д.л. В.Коџоман/58
сопст. Завод и Музеј Охрид

* На насловна страна "Автопортрет", 1948

* Мотив од Прилепско", 1956

ИЗДАВАЧ: Уметничка галерија-Скопје
Крушевска 1-а, 91000 Скопје,
Р.Македонија
Одговорен уредник: Драган Бошнакоски
Организација на изложбата:
Мирјана Талеска
Предговор,биографија и каталог:
Мирјана Талеска
Соработник: Александар Тодоровски
Превод на англиски: Жанета
Станоевска
Лектор: Билјана Маленко
Колор слајдови: Ѓорѓи Тричковски
Графичко и ликовно обликување:
Денко Матевски
Скенирање: СКЕНТПОИНТ
Печат: Бошели
Тираж: 150

PUBLISHER: Art Gallery - Skopje
Editor in chief: Dragan Boshnakoski
Preface, organization of the exhibition and catalog: Mirjana Taleska
Biography and bibliography: Mirjana Taleska
Translated into english: Zaneta Stanoevska
Proofreader: Biljana Malenko
Slides: Georgi Trichkovski
Lay out: Denko Matevski
Scaning: Skentpoint
Printet by: Bosseli
Copies: 150

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски" , Скопје

75 .036 .1(497 .17) (060 .64) Коџоман , В .

КОЏОМАН , Вангел
Вангел Коџоман : Завод и музеј Охрид - куќа на Уранија Охрид , Македонија , јули 1995 , Уметничка галерија - Скопје , Македонија , Септември 1995 / [ организација на изложбата, предговор , биографија и каталог Мирјана Талеска ; соработник Александар Тодоровски ; превод на англиски Жанета Станоевска ; колор слајдови Ѓорѓи Тричковски ; графичко и ликовно обликување Денко Матевски ] = Vangel Kojoman : Institute and museum Ohrid - Ohrid - house of Uranija Ohrid , Macedonia , july 1995 , Art gallery Skopje , Macedonia , september 1995 / [preface , organization of the exhibition and catalog, biography and bibliography Mirjana Taleska ; translated into English Zaneta Stanoevska ; slides Georgi Trichovski ; lay out Denko Matevski]. - Скопје Уметничка галерија = Skopje : Art Gallery, 1995. - [8]стр. : илустр. во бои ; 22x30 см

Кор. ств. насл.: Коџоман. - Каталог. - Тираж 200. - Текст на мак. и анг. јазик. - Биографија
ISBN 9989 - 694 - 03 - 6